Друштво за туризам, угостителство, рекреација
и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ
Бр. 05-319/2
23.03 2020 год.
СКОПЈЕ

ЕЛЕМ ТУРС
ДООЕЛ - СКОПЈЕ

# ПОКАНА

## ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје

**(05-319/2 од 23.03.2020)**

*Скопје, Март, 2020*

Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје,со адреса на ул. ,,11 Октомври'' бр.9, 1000 Скопје, телефон за контакт 02-3149-128 и електронска адреса:info@elemturs.mk, има потреба од набавка на услуги од мобилна телефонија за период од 2 години.

За таа цел, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст - Набавувач) спроведува постапка за доделување на договор за набавка на услуги од мобилна телефонија услуги за период од 2 години со Оглас кој е поставен во делот ,,Набавки'' на страницата www.elemturs.mk, врз основа на член 15 од Изјавата за основање на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, Правилникот за спроведување на интерни процедури за набавки на стоки, услуги и работи во ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје .

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет за договор за набавка, најдоцна до година, во **30.03. 2020 до 15:30 часот** (по локално време), по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивана ДИРЕКЦИЈАТА на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје.
Со ова Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудатаи истата може да ја преземете во делот за ,,Набавки'' од страницата www.elemturs.mk, да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите на ДИРЕКЦИЈАТА на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје. Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите;
- технички спецификации;
- образец на понудата;
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

Однапред Ви благодариме на соработката.

Место и датум | Овластено лице

Скопје, **23.03.2020** | XHEMAIL JUSUFI

Инструкции за понудувачите

**1. Корисник на услугите (во понатамошниот текст ,,Набавувач")**

Набавувачот на услуги е Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје.

- Адреса: ул. ,,11 Октомври" бр.9, 1000 Скопје.

- Телефони за контакт: 02 3149-128 и електронска адреса:info@elemturs.mk
- Контакт лице:Горан Манасијевски ; телефон: 076 404 913 и е-маил: :info@elemturs.mk

**2.Предмет на Договорот за набавка**

2.1. Предмет на договорот е набавка на услуги од мобилна телефонија за период од 2 години.
2.2.Предметот на договорот не е деллив.

**3. Рок и начин на извршување на услугата**

3.1 Рокот на извршување на услугата почнува да тече од денот на склучување на договорот. Носителот на набавката е должен, да го изврши пренесувањето на телефонските броеви согласно со начинот и постапката од важечкиот правилник за преносливост на броеви, без да има прекин на услугите.

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за набавка.

**5. Начин на плаќање**

5.1. Начинот на плаќање е вирмански, во рок од 60 дена, од денот на пристигнувањето на фактурата кај Набавувачот.

**6. Право на учество**

6.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - Понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

**7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за доделување на Договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

7.1. Лична состојба

- во последните 5 (пет) години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и Договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара Набавувачот.

7.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот задолжително треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

- Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојба и Документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка (ДРД-Образец).

- Одобрение за користење на фреквенции, издадено од Агенцијата за електронски комуникации.

8. Начин на докажување на способноста на понудувачот

8.1.Комисијата за набавки, доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот, го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба.

8.2. Понудувачот за докажување на својата лична и професионална состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната и професионалната состојба, која е дадена во прилог на оваа Покана за прибирање на понуди. Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.

9. Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди

9.1. Носителот на набавката може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Набавувачот по телефон, во електронска форма или во писмена форма, најдоцна до 3 (три) дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
9.2.Појаснувањето Набавувачот ќе го достави до сите понудувачи што добиле или подигнале Покана за прибирање на понуди, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.

9.3. Набавувачот може по потреба да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка, најдоцна до 3 (три) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.

## 10. Изготвување и поднесување на понудите

### 10.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за прибирање на понуди, со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот освен спецификацијата која е составен дел на Поканата за прибирање на понуди,може дополнително да достави своја форма на понудени артикли доколку некои од артиклите не се ставени во техничките спецификации.

Комисијата може да јаземе во предвид дополнетата спецификација доколку смета дека има потреба за набавка на таквите производи или истата да ја отфрли.

### 10.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Информации за понудувачот;
- Техничка понуда;
- Финасиска Понуда;
- Изјава за докажување на способноста

### 10.3. Цена и Период на важност на понудата

- Понудувачот во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената. Рокот на испорака го дефинира во понудата.
- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека Договорот ќе биде извршен, набавувачот од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма, кои се причините за таквата цена во рок од 3 (три) дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.
- Цената на понудата се изразува во денари.
- Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

**11. Краен рок и место за поднесување на понудите**

11.1. Краен рок за поднесување на понудите е **30.03.2020 година, ДО 15:30 часот**. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.
11.2. Понудите се поднесуваат во архивата на Дирекцијата на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса и поштенски фах.

**12. Критериум за доделување на Договорот**

12.1.Критериуми за доделување на Договорот за набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена, чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.
12.2.Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

**13.Евалуација на понудите**

13.1 Комисијата за набавки ќе пристапи кон отварање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

**14.Доделување на договорот за набавка**

14.1. Набавувачот по спроведената евалуација на понудите, како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди, Договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има најниска понудена цена и ги исполнува условите за прифатлива понуда.
14.2. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

**15. Известување за доделување на договорот за набавка**

15.1. По завршувањето на изборот на носителот на набавката, Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

**16. Завршување на постапката за доделување на договор за набавка**

16.1.Постапката за доделување на договор за набавка завршува на денот на потпишување на договорот за набавка од двете договорни страни или со поништување на постапката.

**КОМИСИЈА ЗА НАБАВКИ**

**Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт**
**ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје**

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на Огласот со број **05-319/2 од 23.03.2020** објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, за доделување на договор за набавка на услуги за потребите на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спортЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот:
I.2. Контакт информации:
- Адреса:
- Телефон:
- Факс:
- Е-пошта:
- Лице за контакт:

I.3. Одговорно лице:
I.4. Даночен број:
I.5. Матичен број:

**Дел II – Техничка понуда**

Согласни сме да ги прифатиме условите, начинот и рокот на испорака утврдени во повикот.

**Дел III – Финансиска понуда**

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени е доставена во прилог на Понудата.

Цената на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува __________ денари, односно со ДДВ, изнесува ____________________.

Нашата понуда важи за периодот утврден во Поканата за прибирање на понуди и се согласуваме со условите и начинот на плаќање утврден во неа.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　Одговорно лице

________________　　　　　　　　　　　　　　　　________________________

## ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Назив | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Цена на минута разговор кон останати национални мобилни и фиксни мрежи по надминување на вклучените бесплатни минути во рамки на месечната претплата за линиите од Пакет 2 | Денари/Минута | 1 | | | |
| Цена на минута разговор кон останати национални мобилни и фиксни мрежи по надминување на вклучените бесплатни минути во рамки на месечната претплата за линиите од Пакет 3 | Денари/Минута | 1 | | | |
| Цена на минута разговор кон останати национални мобилни и фиксни мрежи по надминување на вклучените бесплатни минути во рамки на месечната претплата за линиите од Пакет 4 | Денари/Минута | 1 | | | |
| | **Вкупна цена на листата без ДДВ*** <br> Со зборови: | | | | |

*МОБИЛНА* ТЕЛЕФОНИЈА (за сите тарифни модели):

- Сите СИМ картички да бидат во иста група во рамките на компанијата (CUG) и по линија задолжително да има неограничени бесплатни минути секој месец за разговори во рамките на компанијата (не смее да има никаков надомест).
- Моменталните претплатнички броеви да бидат пренесени заедно со префиксот (НДК бројот – Националниот Дестинациски Код) во мобилниот оператор кој што ќе биде избран како најповолен понудувач.
- Услугата за телефонски повици Понудувачот треба да ја нуди на целата територија на РМ.
- Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд.
- Целосно покривање на трошоци за преносливост на броеви при евентуална промена на операторот.
- Надоместок за воспоставување на повик кон сите национални мрежи не смее да се наплатува.
- Износот на субвенција за сите претплатнички линии и распоредот на претплатничките линии согласно техничката спецификација да биде минимум 410.000,00 денари со вклучен ДДВ. Истиот да може да се искористи по потреба на Договорниот орган за набавка на мобилни телефони кои ги нуди економскиот оператор по неговите малопродажни цени (пост-пејд цени за мобилни телефони).
- Набавката се однесува за минимум 41 мобилни претплатнички линии. За активација на дополнителни линии, над овие 41, потребно е одобрување од економскиот оператор.

Пакет 1:
**Тарифен модел со месечна претплата до 300 денари без вклучен ДДВ - се однесува за набавка на 8 мобилни претплатнички линии.**

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени минути/месечно за разговори кон сопствена мрежа на операторот.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 250 минути/месечно за разговори кон останати национални мобилни и фиксни мрежи.
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени 30 бесплатни СМС пораки кон сите национални мрежи.
- Во рамките на тарифниот модел да е вклучен минимум 500 MB бесплатен интернет за сообраќај остварен во националната мрежа на операторот. По надминување на вклучениот бесплтен интернет брзината да се намали и да не се наплатува.
- Цената на минута разговор кон останатите национални мобилни мрежи и фиксни мрежи не смее да биде повисока од 6,5 денари без вклучен ДДВ/минута.
- Цената за една испратена СМС порака кон сите национални мобилни мрежи во РМ не смее да биде повисока од 1.9 денари без вклучен ДДВ.

Пакет 2:
**Тарифен модел со месечна претплата до 500 денари без вклучен ДДВ – се однесува за набавка на 27 мобилни претплатнички линии.**

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени минути/месечно за разговори кон сопствена мрежа на операторот.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 1500 минути/месечно за разговори кон останати национални мобилни и фиксни мрежи.
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени неограничени бесплатни СМС пораки кон сите национални мрежи.

- Во рамките на тарифниот модел да е вклучен минимум 5 GB бесплатен интернет за сообраќај остварен во националната мрежа на операторот. По надминување на вклучениот бесплатен интернет брзината да се намали и да не се наплатува.
- Цената на минута разговор кон останатите национални мобилни мрежи и фиксни мрежи не смее да биде повисока од 2,0 денари без вклучен ДДВ/минута.

Пакет 3:

**Тарифен модел со месечна претплата до 2000 денари без вклучен ДДВ – се однесува за набавка на 5 мобилни претплатнички линии.**

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени минути/месечно за разговори кон сопствена мрежа на операторот.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 2500 минути/месечно за разговори кон останати национални мобилни и фиксни мрежи.
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени неограничени бесплатни СМС пораки кон сите национални мрежи.
- Во рамките на тарифниот модел да е вклучен минимум 20 GB бесплатен интернет за сообраќај остварен во националната мрежа на операторот. По надминување на вклучениот бесплатен интернет брзината да се намали и да не се наплатува.
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени минимум 150 бесплатни минути/месечно меѓународни разговори
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени минумум 1GB бесплатен роаминг интернет.
- Цената на минута разговор кон останатите национални мобилни мрежи и фиксни мрежи не смее да биде повисока од 1,5 денари без вклучен ДДВ/минута.

Пакет 4:

**Тарифен модел со месечна претплата до 2500 денари без вклучен ДДВ – се однесува за набавка на 1 мобилни претплатнички линии.**

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени минути/месечно за разговори кон сопствена мрежа на операторот.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 3000 минути/месечно за разговори кон останати национални мобилни и фиксни мрежи.
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени неограничени бесплатни СМС пораки кон сите национални мрежи.
- Во рамките на тарифниот модел да е вклучен минимум 40 GB бесплатен интернет за сообраќај остварен во националната мрежа на операторот. По надминување на вклучениот бесплатен интернет брзината да се намали и да не се наплатува.
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени минимум 200 минути/месечно за разговори кон меѓународни мрежи.
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени минимум 50 минути / месечно за појдовни и дојдовни роаминг разговори (од и кон Р.Македонија).
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени минумум 1GB бесплатен роаминг интернет.
- Цената на минута разговор кон останатите национални мобилни мрежи и фиксни мрежи не смее да биде повисока од 1,0 денари без вклучен ДДВ/минута.

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба**

**И З Ј А В А**

Под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека понудувачот ________________________________________, во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата за прибирање на понуди бр. **05-319/2 од 23.03.2020** година, за набавка услуги од мобилна телефонија за период од 2 години објавена од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на Набавувачот доколку нашата понуда биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

**Место и датум** **Одговорно лице**

**(потпис)**

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице.